АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIMET MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar:		04.11.2026	
Орг. Един. Nj.org.	Број: / Numer:	Прилог: Shtojce:	Вредност: Vlera:
10	4106/1		

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 2 октомври 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 ноември 2026 година;
5. **Предмет на надзорот**:

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијална комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот програмски надзор врз радиопрограмскиот сервис на ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 октомври 2026 година, на регионално ниво, **не се констатирани прекршувања** на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на подзаконските акти.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

Сектор за програмски работи